# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за работењето на Одборот на директори на**
**ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје**

Одборот на директори на ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје во текот на 2018 година одржа 8 седници.

На седниците на Одоборот разгледувани се следните прашања:

- Усвојување на годишната сметка и консолидираната годишна сметка, финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи, годишниот извештај и консолидираниот годишен извештај за работа на Друштвото за 2017 година;
- Усвојување на материјалите за годишното собрание на Друштвото што се одржа во месец јуни 2018 година;
- Донесување на одлуки за отпис на ненаплатливи побарувања;
- Донесување на одлука за годишниот попис;
- Донесување на одлуки за купување на недвижен имот;
- Разгледување на финансиските резултати на Друштвото во текот на годината;
- Други тековни прашања.

Согласно со член 480, став 3 од Законот за трговските друштва, неизвршните членови на Одборот на директори ја испитуваа објективноста на финансиските извештаи и го разгледаа Извештајот на овластениот ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи на ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје за 2018 година. Според независниот ревизор, освен за ефектите од работите опишани во Основа за мислење со резерва, финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје заклучно со 31 декември 2018 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината што заврши тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија. Ревизорот укажува на постоење на салда од минати години во рамките на сметките на побарувања од купувачи и побарувања за краткорочни позајмици и на неизвршена последователна проценка на објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба.

Неизвршните членови на Одборот на директори предлагаат Собранието на акционери:

1. Да ги одобри годишната сметка, финансиските извештаи со мислењето на независниот ревизор и годишниот извештај за работа на Друштвото за деловната 2018 година;
2. Да го одобри работењето на Одборот на директори за 2018 година.

мај, 2019 година

Одбор на директори

Претседател